Уп. бр. 08-89

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Линк д.о.о. Белград со седиште на адреса Булевар Зоран Ѓинѓиќ 8а, 11000 Белград Србија, доставено преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Линк д.о.о. Белград со регистрирано седиште на адреса Булевар Зоран Ѓинѓиќ 8а, 11000 Белград Србија ќе стекне контрола над Тако Лако Шоп д.о.о. Добановци со седиште на ул. Маршал Тито бр. 206, Добановци, Белград Србија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 19.11.2019 година а дополнето на 20.11.2019 година, 22.11.2019 година и 29.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Јунајтед Линк д.о.о. Белград со која Јунајтед Линк

д.о.о. Белград со регистрирано седиште на адреса Булевар Зоран Ѓинѓиќ 8а, 11000 Белград Србија ќе стекне контрола над Тако Лако Шоп д.о.о. Добановци со седиште на ул. Маршал Тито бр. 206, Добановци, Белград Србија, преку купопродажба на 100% од акциите.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањата, го утврди следното:

Јунајтед Линк е друштво основано на 2 Јули 2019 година, а поради трајно занимавање со трговија на мало со посредство на интернет и преку ТВ продажба. Јунајтед Линк е дел од Јунајтед Груп, групација на друштва која дава телекомуникациски и медиски услуги во неколку земји во регионот, вклучувајќи ја и Северна Македонија а која за возврат е во сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен инвестициски фонд од Лондон.

БЦ Партнерс ЛЛП во Северна Македонија е присутен преку индиректното зависно друштво, Тотал ТВ д.о.о. скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар ВМРО 3, Скопје, кое е активно во дистрибуција на медиумска содржина преку ДТХ техничка платформа.

Тако Лако Шоп е активно во online малопродажба на роба за широка потрошувачка, односно продажба на мала роба за широка потрошувачка преку интернет. Конкретно, преку интернет порталот takolako.com, Тако Лако Шоп на крајните купувачи им нуди повеќе илјади артикли, како што се машини и алати, детска програма, спортска програма, бела техника и апарати за домаќинство, облека и чевли, торби и патничка програма, аудио видео опрема, компјутери и мобилни уреди и др.

Тако Лако Шоп нема поврзани друштва или активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**